# ЗАКОН ЗА
# ПОСЕБНИТЕ ДАВАЧКИ ПРИ УВОЗ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ПРЕХРАМБЕНИ ПРОИЗВОДИ

**"Сл. весник на Р Македонија" бр.02/94 од 18.01.1994 година**

**Член 1**

Заради заштита на домашното производство на земјоделски и прехранбени производи, обезбедување на стабилност на пазарот со тие производи и влијание на увозните цени врз движењето на производството и на цените на домашниот пазар, при увозот на определени земјоделски и прехранбени производи, претпријатијата и другите правни лица (во натамошниот текст: претпријатијата) плаќаат посебна давачка.

**Член 2**

Посебната давачка при увозот на земјоделски и прехранбени производи претставува разлика меѓу увозната цена зголемена за износот на царините и другите увозни давачки и просечната цена на домашниот пазар.

Посебната давачка од став 1 на овој член ја определува Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: Владата) по потреба а најмалку еднаш на три месеци.

**Член 3**

Владата на предлог на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за стопанство, Министерството за односи со странство и Министерството за развој, ги определува земјоделските и прехранбените производи за кои при увозот претпријатијата плаќаат посебна давачка.

При определувањето на земјоделските и прехранбените производи од став 1 на овој член, Владата тргнува покрај од потребата за заштита на домашното производство на земјоделските и прехранбените производи од понудата и побарувачката на тие производи на домашниот пазар и од влијанието на странските цени врз движењето на производството и на цените на домашниот пазар.

**Член 4**

Доколку Владата утврди дека дошло или дека може да дојде до растројство на домашниот пазар, за определени производи од член 3 на овој закон или за одредени количества на тие производи, може да определи друг износ на посебна давачка определени со член 2 на овој закон или тие производи,односно количеството на тие производи, да ги ослободи од плаќањето на посебна давачка.

**Член 5**

Посебната давачка за увоз на земјоделски и прехранбени производи не се плаќа на:

1) производите што привремено се увезуваат заради облагородување, ако тие производи се извезат во рок од 30 дена од денот на завршувањето на технолошкиот процес на производството а најдоцна во рок од една година од денот на преминувањето на производите преку царинската линија и
2) увозот на суровини и репродукциони материјал што ќе се употребат за производство на стоките за извоз што во целост ќе се извезат веднаш по завршувањето на технолошкиот процес на производството, а најдоцна во рок од една година од денот на преминувањето на суровините и репродукциониот материјал преку царинската линија.

**Член 6**

Посебната давачка при увозот на земјоделски и прехранбени производи се наплатува при царинењето на стоките според прописите што важат за наплатување на царината.
Средствата од став 1 на овој член се уплатуваат во Буџетот на Република Македонија.

**Член 7**

Одговорното лице во претпријатието кое користејќи ги поволните околности на пазарот ќе предаде на домашниот пазар земјоделски и прехранбени производи што привремено ги увезло заради облагородување или за производство на стоки за извоз, кои се ослободени од плаќање посебна давачка и на тој начин ќе оствари противправна имотна корист за своето претпријатие, ќе се казни со затвор од две до пет години.
За дејствијата од став 1 на овој член ќе се изрече и безбедносна мерка забрана на вршење на раководни должности во траење од две до пет години и одземање на земјоделските и прехранбените производи со кои е сторено кривичното дело.

**Член 8**

За стопански престап ќе се казни претпријатието со парична казна во висина на петкратен до дваесеткратен износ на посебната давачка што требало да ја плати за увезените земјоделски и прехранбени производи во согласност со овој закон или со пропис донесен врз основа на него ако:
1) производите што привремено ги увезло заради облагородување не ги извезе во рок од 30 дена од денот на завршувањето на технолошкиот процес на производството, а најдоцна во рок од една година од денот на преминувањето на производите преку царинската линија (член 5 точка 1) и
2) стоките произведени од суровини или репродукционен материјал за кои не е платена посебна давачка по завршениот технолошки процес на производството, не ги извезе во роковите пропишани со овој кон (член 5 точка 2).
За дејствијата од став 1 на овој член ќе се изрече и заштитна мерка одземање на остварената противправна имотна корист.
За дејствијата од став 1 на овој член ќе се изрече и заштитна мерка забрана на вршење на увоз на земјоделски и прехранбени производи во

траење од една до три години и одземање на земјоделските и прехранбените производи со кои е сторен стопанскиот престап.
За дејствијата од став 1 на овој член ќе се казни за стопански престап и одговорното лице во претпријатието со парична казна од пет до десет плати и ќе му се изрече заштитна мерка забрана на вршење на раководна должност во траење од една до три години.

**Член 9**

Со влегувањето во сила на овој закон, Законот за посебните давачки при увозот на земјоделски и прехранбени производи ("Службен весник на СФРЈ" број 70/89)престанува да се применува во Република Македонија.

**Член 10**

Овој закон влегува во сила со денот ва објавувањето "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1994 година.